ТИ СЀ

~~НЕ~~ МОЖЕШ ~~НИШТО~~ ДА СМЕНИШ!

# Прирачник за правна самопомош и активизам во област животна средина наменет за млади активисти и почетници




**Прирачникот е создаден во рамки на проектот**
**„Power to the People“**
**спроведуван од**
**Здружение за заштита на животните и животната средина „ЕДЕН“ и**
**Граѓанска иницијатива Охрид SOS**
**финансиски поддржан од Фондацијата Хајнрих Бел**


**Октомври, 2019**
**Република Македонија**


ЕДЕН
Се залагаме за еднаквост, достоинство, емпатија и натурализам.
Совршена рамнотежа меѓу човекот, животните и природата.
We stand for Equality, Dignity, Empathy, and Naturalism.
Perfect balance between man, beast, and nature.

ОХРИД SOS

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | Albania | North Macedonia

Голема благодарност до Гоце Коцевски
од Македонското здружение на млади правници
за стручната помош при изработката на прирачникот

**ВАЖНО!**

Со залагаме за еднаквост, достоинство, емпатија и натурализам.
Совршена рамнотежа меѓу човекот, животните и природата.
We stand for Equality, Dignity, Empathy, and Naturalism.
Perfect balance between man, beast, and nature.

ОХРИД SOS

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | Albania |
North Macedonia

**Член 43 од Уставот на Република Македонија**
„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина."

**Член 51 од Уставот на Република Македонија**
„Во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите."

Изминативе десетина-петнаесет години се особено тешки за македонското општество. Сведоци сме на катастрофална деградација на животната средина, дел од неа можеби и непоправлива. Сведоци сме на досега незапаметено исклучување на јавноста од институционалните процеси на носење одлуки кои негативно влијаат врз здравјето и благосостојбата на граѓаните, особено во областа на животната средина. Сведоци сме на безмилосна трка за профит при која скапоцените природни богатства се главната „колатерална" штета. Сведоци сме на општа несвесност и/или незаинтересираност кај носителите на одлуки за визионерско планирање и одржлив развој. **Сево ова звучи крајно обесхрабрувачки, но во суштина мора да ни биде најголемиот мотив на сите нас. Најверојатно го пробивме дното, а од таму има само еден правец во кој може да одиме – нагоре**. На многумина пред нас баш тоа им било потребно за да се исправат пред својот угнетувач, за да ги скршат прангите и да се ослободат. Екстремниот бунт отсекогаш бил плод на екстремна репресија.

За да бидеме што поефикасни во нашата борба за подобро утре, нужно е секој од нас да ги знае своите права во согласност со македонскиот Устав и законите, бидејќи тоа е основата од која мора да појдеме. Ако сакаме општество во кое се слуша нашиот глас, ако сакаме општество во кое разумот преовладува, ако сакаме општество во кое идните генерации ќе имаат услови за живот на Земјата, ние сме тие кои мора да преземат нешто и да ги сменат околностите. Несебичното вложување на нашето знаење, способности, искуство, време и енергија е единствениот начин сите заедно да го создадеме тој подобар свет во кој сите сакаме да живееме. Оттаму, наша должност е да се вклучиме во процесот на изградба на едно подобро општество, а не да бидеме само неми набљудувачи на штетните промени што ни го загрозуваат секојдневниот живот нам и на нашите најблиски. Моќта на одлучување не ѝ е дадена само на власта, таа му припаѓа на секој граѓанин, но може да ја оствари само оној кој е активен и упорен.

Со цел да покажеме дека секој од нас е способен да придонесе за позитивни промени, во овој прирачник се вклучени:

1. Практични совети за основање и обезбедување долговечност на активистички групи со правила за нивно функционирање (*Прилог 1: Куќен ред на раководни активистички групи* и *Прилог 2: Куќен ред на активистички подгрупи*). Заедно со нужноста да се биде правилно и навремено информиран, исто толку важно е и да се оформи и да се задржи целовитоста на активистичката група имајќи предвид дека (најчесто) се работи за неплатен труд.
2. Случаи од долгогодишно искуство на активисти со практични примери за справување во конкретни ситуации и детална студија на случај (*Прилог 3: Незаконски хотел Лагадин*). Од примерите ќе забележите дека тие активисти се всушност држави во сенка – ја вршат работата која би требало да ја вршат институциите и органите на државниот апарат, како на пример Собранието, владата, министерствата, инспекторатите, локалните самоуправи, јавните претпријатија, итн. "Но, токму нивната посветеност е онаа што ги поместува нештата од мртва точка и тоа е суровата реалност – ако сакаме да излеземе од

маѓепсаниот круг на неправдата, мора да се приклучиме во борбата, не да стоиме отстрана и да навиваме.

# ГЛАВА 1

## АКТИВИЗАМ: ОСНОВИ

### Што е активизам и што значи да се биде активист?

***Активист е секој оној што е вклучен во активности со кои има за цел да постигне општествена или политичка промена.*** Традиционалните дефиниции опфаќаат и членство на овие поединци во т.н. граѓански организации. Но, да се биде активист е многу повеќе од тоа да се биде член на организација регистрирана како граѓанско здружение во нашата земја. Да се биде активист, пред сѐ, значи да се верува во повисока цел за општо добро. Да се биде активист значи да се верува во цел чиешто остварување ќе значи подобро општество за сите нас. Да се биде активист значи несебично да се вложуваат знаењето, способностите, искуството, времето и енергијата, најчесто бесплатно. Да се биде активист значи да се живеат убедувањата кои ги имаме и пожртвувано и солидарно да чекориме во правецот на нивно исполнување. Во ситуација како нашата, заробени институции и корумпирана елита која непрекинато и наизменично ја презема власта, тоа значи и преоѓање во друга форма на активно преобликување на општеството – преку неговите институции, за што подетален осврт ќе биде даден понатаму во овој прирачник.

За целосно доловување на суштината и што попластично претставување на сите концепти, во овој прирачник издвоени се примери од Граѓанската иницијатива Охрид SOS чијашто активност и достигнувања се надеваме дека ќе бидат поттик за многу идни генерации млади активисти.

### Волонтерство или бирократија со странски пари?

Активистите на Охрид SOS во најголемиот дел од времето работат волонтерски. Фондови користиме кога е неопходно да се организираат некакви настани (трибини, тркалезни маси, концерти, уметнички перформанси), да се изработат инфо-материјали (маици, флаери од садлива хартија итн.) или за институционални постапки кои не сме во можност да ги покриеме од сопствени средства. И дури и во ретките случаи кога користиме фондови внимаваме организациите од кои би ги прифатиле средствата да се водат од принципи многу слични или исти со нашите, а тоа се принципите на **етичност, еднаквост, социјална правда, напредок кој се темели на паметен и одржлив развој, односно, подобар свет за сите нас, а не само за неколкумина**.

Истражувањата, коментарите за измени на закони, документи, итн., извештаите до домашни и меѓународни институции, трудовите, активистите на Охрид SOS ги работат исклучиво волонтерски.

Зошто е важна волонтерската работа? Во нашето долгогодишно постоење (а добар дел од нас имаат претходно активистичко искуство) свесни сме за перцепцијата на јавноста – ако на некој документ фигурира финансиска поддршка јавноста смета дека документот е изработен под влијание на таа организација. За да ги зачуваме нашите документи најнепристрасни што може и најприфатливи за јавноста, одлучивме да не користиме финансиска помош за нивната изработка иако на тие документи се посветени

часови, денови, а некогаш и месеци истражување и исклучително напорна интелектуална работа.

Активистите во која било сфера многу често се соочуваат со повикот „Леле, луѓе, се случило тоа и тоа, НЕКОЈ НЕКА НАПРАВИ НЕШТО“. Нашиот одговор секогаш е „ТИ СИ НЕКОЈ. ТИ НАПРАВИ НЕШТО“. Имаме должност како активисти не само директно да делуваме, туку и да поттикнеме други да делуваат. „Проблемите“ кои ние ги перципираме се најчесто само симптоми на вистинскиот корен, вистинската причина за „болеста“, а таа не може да се елиминира со спорадично и индивидуално делување. Тајната на силните општества е мнозинство кое е спремно да делува, знае што треба да направи и не остава „работата да му ја заврши друг“. **Проактивноста е една од клучните карактерни особини на секој активист**.

Многу е важно да се знае дека за да се стане активист или да се оформи активистичко движење, не е неопходно од самиот почеток да се има дефинирана група, јасна структура, експертски кадар итн. Конкретно, такви беа почетоците на Охрид SOS, ние почнавме од еден единствен случај – да се спаси Студенчишко Блато од уништување, за да прераснеме во една од најсилните еколошки иницијативи во Македонија. Меѓутоа, неопходно е да се има јасна визија и искрена цел за да се отпочне со активизам. Тоа ќе биде и движечката сила особено во услови на внатрешни несогласувања, неуспеси и слично. Најважно е – да се почне!

Откако ќе се почне, мора да се посвети посебно внимание за во никој случај да не се дозволи при комуникацијата со други активисти или граѓани да применуваме исти или слични методи како институциите против кои се бориме. Крајно контрапродуктивно е да не ги споделуваме информациите јавно. Погубно за крајната цел која сакаме да ја постигнеме е да „криеме“ информации за да напишеме подобри проекти и да „фатиме“ паричка плус. **Активизмот не смее да се сведе на бирократија со странски пари**. Активизмот е изворен изблик на револт кон лошото владеење и мора да се задржи таа негова автентичност, за да може да се реализираат активистичките цели за подобро општество.

Неопходно е на сите останати да им пристапуваме отворено, не смееме да се служиме со навреди кон активисти во рамки на нашата група кои перципираме дека помалку работат од нас – **ничиј труд не смее да биде омаловажен бидејќи и најголемата и најсложената машина функционира беспрекорно благодарение на најситното шрафче**. Најдобро е во рамки на своите активистички групи да воспоставуваме хоризонтални структури и да практикуваме социократија – процес на донесување одлуки во кој секој од групата е еднакво вклучен и можност за недонесување на одлуката ако некој од членовите има ненадминлив проблем и издржано образложение за противењето иако мнозинството размислува поинаку. **Солидарноста е значаен предуслов за успех во секоја борба, особено во борбата за подобро општество за сите**.

Во сиот овој процес е неопходно добро да се проценат оние кои се заинтересирани да станат членови на групата со цел активистичкото движење да се заштити од луѓе кои може да го злоупотребат начинот на функционирање на групата и со тоа да ја оддалечат од постигнувањето на крајната цел. Затоа е потребно групите да бидат здрави, сечии мотиви за вклученост да бидат кристално јасни и секако да се познава добро позадината и намерите на секој од членовите од дополнителни извори. Во рамки на групата е неопходно да има почит и достоинствено да се третира секој член без оглед на спротивстатеноста во ставовите по одредени прашања – за ова да се гарантира, **нужно е секогаш да преовладуваат аргументите и врз основа на факти да се формираат теориите, а не да се искривуваат факти за да се вклопат во нечија погрешна теорија.** Секој може да згреши и секој има право на втора шанса, но задолжително е од самиот почеток да бидат поставени општи правила за да се избегнат поголемиот дел од опасностите и ризиците кои

може да доведат до распад на групата. **Составувањето на група од способни поединци кои ќе останат доследни на принципите на солидарност и еднаквост не е така лесно да се постигне, меѓутоа е една од главните состојки неопходни за формирање на здраво општество**. Нека не ве обесхрабрува заминувањето на одредени членови, **најважно од сè е јадрото на групата да биде здрав организам каде што нема лицемерие, злоупотреби итн. Здрава група може многу побрзо да дојде до крајната цел и обратно.**

Според искуството на Охрид SOS како неформална граѓанска иницијатива и исклучително активна активистичка група, најдобро е да се има едно јадро од посветени активисти кои ќе ги носат одлуките во име на групата. Дополнително на таа раководна група, бидејќи обемот на работа е секогаш поголем отколку штогрупа, бидејќи обемот на работа е секогаш поголем отколку што има човечки ресурси на располагање, препорачливо е да се создаде уште една, поширока подгрупа од поединци кои пројавиле интерес да помогнат, но поради своите ангажмани избрале поретко да се вклучуваат во активностите и не се во тек со речиси ништо што иницијативата работи. За таквите поединци ние создадовме посебна група со посебен куќен ред каде што е јасно назначено дека оној кој само повремено сака да биде вклучен во активностите нема да има право да биде дел од процесот на носење на одлуки. Причината за ова е да се осигура дека оние кои имаат право на глас при носењето на одлуките се секогаш добро информирани за сите ситуации за кои има потреба да гласаат и нивниот глас никогаш нема да придонесе иницијативата да донесе одлука која ќе биде на штета на нејзините цели и принципи.

Погледнете општи правила за функционирање на активистички групи со хоризонтална структура Прилог 1*: Куќен ред на раководни активистички групи*
Прилог 2*: Куќен ред на активистички подгрупи*

Активистите на Охрид SOS во секое време ви стојат на располагање за секакви консултации или прашања што би ги имале доколку создавате активистичка група или за самиот нејзин процес на работа.

# ВМРЕЖУВАЊЕ

За една активистичка група да може докрај да го искористи својот потенцијал, нужно е да се потпре на драгоценото искуство на оние кои го изминале патот пред неа, но не само да се задржува на локалните групи, туку да се вмрежи и со активистички групи од светот. **Борбата е интернационална, никој од нас нема изолиран проблем со кој се соочува.**

Покрај контактот и размената на искуства и информации со други активисти од земјата и од светот, исто толку важна е комуникацијата, поддршката (особено јавната и официјалната) од асоцијации или здруженија на реномирани домашни и светски научници. Во ситуација кога одлуките кои се носат во земјата се исклучиво политички, што значи немаат никаква научна ниту логичка основа, научните аргументи се одлична и многу моќна алатка за ефективно спротивставување на која било лоша политика. Но, поддршката од научници, особено од асоцијации не се добива лесно. Причината за тоа е „озлогласеноста" на граѓанските организации и иницијативи кои „измислуваат факти", „шират лажни вести" и/или се обидуваат да ги „фатат" луѓето на емоции. Затоа, важно за секоја активистичка борба е добро да се истражат научните податоци, и оние „за" и оние „против", објективно да се известува јавноста за тоа и тие научни факти да се користат како аргументи при дебатите со носителите на одлуки. Само така се гради авторитетот на една активистичка група. Токму на овој начин Охрид SOS успеа не само да обезбеди моментална поддршка за

Декларацијата за зачувување на светското природно и културно наследство на Охрид, која своевремено ја потпишаа, меѓу другите, и над двесте научни работници од земјава и светот; туку и континуирана поддршка во сите наши напори за зачувување на УНЕСКО Регионот.

Благодарение на пристапувањето кон мрежата на World Heritage Watch[1], Охрид SOS имаше можност да размени искуства и знаење со активистички групи во областа на светското наследство од целиот свет, да презентира пред претставниците на IUCN[2], и доби исклучителна прилика да се обрати пред делагатите на две седници на Комитетот за светско наследство (2017 и 2019 г.), нешто што не го направила ниедна активистичка група од Македонија досега. Благодарение на нашата воспоставена соработка со Европскиот огранок на Светското здружение на научници за блатни екосистеми (SWS Europe Chapter), успеавме да го наметнеме Охрид како посакувана локација за Европската конференција на научниците од областа на блатните екосистеми (SWS) во 2018 г. која заврши со потпишување на едногласно усвоената Декларација за заштита на екоситемот на Охридското Езеро. Благодарение на нашата упорна работа и изградена репутација, успеавме да обезбедиме стручна помош од домашни и странски експерти и целосно да пополниме апликација за впишување на Студенчишко Блато и Охридско Езеро на Рамсарската листа на водни живеалишта од меѓународно значење. Завршувањето на процедурата, за жал, сè уште го блокираат македонското Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) и Македонскиот рамсарски комитет (МРК) и тоа од многу едноставна причина – сакаат да изнудат пари за работа која Охрид SOS веќе ја заврши – пополнување на апликацијата за впишување на Студенчишко Блато и Охридско Езеро на Рамсарската листа. Процесот на изготвување на апликацијата беше макотрпен и долготраен, а трудот вложен од активистите на Охрид SOS – повторно, целосно волонтерски. Апликацијата Охрид SOS ја достави до седиштето на Рамсарската конвенција од каде што бевме известени дека иако е целосно спремна и Блатото и Езерото ги задоволуваат сите девет критериуми – а доволно е да задоволуваат само еден (!) – според меѓународниот договор сè додека МЖСПП официјално не ја поднесе апликацијата до седиштето на Рамсарската конвенција, процесот не може да започне. Ова се само моментални пречки и ние, како и секогаш, нема да се откажеме, но ќе се бориме онолку долго колку што е неопходно за да успееме да ја реализираме целта која сме си ја зацртале.

**Истрајноста и упорноста, се исто така, две многу важни карактерни особини на секој посветен активист. Сосема е природно во една активистичка борба – што е бунт на мала група луѓе против цел наопаку поставен и утврден систем – да има многу повеќе порази отколку победи. Но ние на тие порази гледаме како на примери од кои учиме, тие се за нас искуства кои нè прават попаметни и посилни, прозорчиња низ кои влегува светлина која ни покажува нови патишта и начини за кои претходно не сме биле свесни дека постојат.**

# ЧЕКОР ПОНАТАМУ

[1] Набљудувачи на светското наследство: име на непрофитно граѓанско здружение кое е асоцијација на граѓански организации, граѓански иницијативи и движења за заштита на локалитети од листата на светско наследство на УНЕСКО и се занимава со следење на состојбите на УНЕСКО добрата ширум светот.

[2] IUCN: International Union for Conservation of Nature – МУКП: Меѓународна унија за конзервација на природата.

Како што беше напоменато во пасусот „**Што е активизам и што значи да се биде активист?**“, активисти не се само оние што се членови на граѓански организации, туку сите оние кои се борат за општествени, односно политички промени. Борбата од надвор никогаш нема да ги даде истите резултати како и борбата од внатре. Симбиозата на овие две паралелни форми на притисок е оптималното решение за што побрзо воспоставување контрола врз процесите кои ни го обликуваат животот. Сакаме да нагласиме дека сѐ додека велите „не ме интересира политика“ им помагате на политичките елити да си ја постигнат целта. Целта им е да ве направат беспомошни и зависни од нив, да ве закотват во пасивност во која вие сте убедени дека не можете да постигнете ништо. А тоа не е вистина! Ако ја користите таа фраза, престанете веднаш! Натерајте ги и тие околу вас да престанат да ја користат веднаш! Бидејќи ако ви пречи што немате соодветен јавен превоз, ако ви пречи што ја давате половина плата на сметката за струја во земја со 280 сончеви денови, ако ви пречи што во училниците немате парно во зима, ако ви пречи што не можете да напредувате на работното место зашто немате партиска книшка, ако ви пречи што немате шанси за стипендија зашто не сте во подмладокот на владејачката партија, ако ви пречи што се плашите да отидете на доктор на државно, ако ви пречи што се гушите во отров, пливате во измет и се давите во отпад, вас и тоа како ве интересира политика, само што центрите на моќ успеале во својата цел тотално да ве оддалечат од вистинскиот корен на проблемот и да создадат делузија дека политиката е нешто што не опфаќа ништо од сево горенаведено. Реалноста е нешто сосема друго и различно од нивната успешно лажна претстава.

Од она што ние како долгогодишни активисти го научивме, синергијата меѓу институциите и граѓанскиот сектор е нужна за да се спроведат потребните промени. За да постои таа синергија, неопходно е луѓето во институциите да бидат „на иста бранова должина“ со луѓето вон институциите. Тоа може да се постигне на неколку начини:

1. Активистите да бидат истрајни во доменот на делување кој го избрале и бескомпромисно да работат како коректив на институциите. Објективноста односно држењето до фактите, до науката и професионализмот се клучни за градење на кредибилитетот на една таква група. Добивањето поддршка од стручната фела е исто така многу важна. Комуницирањето со јавноста, што денешната технологија многу го олеснува, е од сушинска важност. Така, активистите може да ја инфомираат јавноста, подобро да ја упатат во причините за неопходна заштита и унапредување на природата и животната средина, да ја едуцираат за граѓанските права и да ѝ овозможат истите да ги бара од системот кој постојано сака да ја исклучи. Само така ќе може да се надеваат на широка поддршка од јавноста со што ќе вршат силен притисок врз институциите кои ќе бидат посоработливи. Со текот на времето промената во свеста на граѓаните и притисокот кон институциите би придонеле за промена на политиките, стремеж кон одржлив развој и праведен систем на повисоко рамниште.
2. Активизмот може да биде и индивидуален – единката може да делува и сама, да поднесува претставки, жалби по одлуки, да пријавува, да учествува на јавни расправи, да поднесува коментари кон закони, стратегии итн., има право да бара информации од институциите и сл. – секој според својата стручна наобразба, дури и како ентузијаст, може и треба да реагира, да следи и активно да учествува. Не е нужно да се биде дел од некоја група за да може да се делува хумано и еколошки и тие цели да се остварат. Поединечниот притисок е всушност многу важен за остварување на општетствени промени. Залагањето за граѓанските права на индивидуално ниво е карактеристика на општествата со развиена демократска практика.

3. Активистите да станат дел од структурите на системот, поконкретно и најпрво да се насочат на преземање на локалните (општински) совети за да може да се влијае врз сите одлуки кои се носат на локално ниво. Главните проблеми кои ни го отежнуваат секојдневното живеење токму и од тука потекнуваат – локалното загадување, уништувањето на зеленилото, водните ресурси, (не)хуманиот третман на бездомните животни, урбаното (не)насилство, заштитата и промоцијата на јавните добра, (не)третирањето на отпадот, развојот и напредокот на местото од кое што потекнуваме, можностите за отворање одржливи[3] работни места итн. Добивањето на мнозинството во локалните совети е од сегашна перспектива можеби невозможна мисија и македонските политички елити би биле пресреќни ако размислувате така. И тоа е сосема нормално ако се има предвид дека нашите „народни избраници“ своето време на власт го поминуваат низ општинските ходници надмудрувајќи се кој повеќе и поскришно украл од парите на граѓаните.

Која опција и да ја одберете како ваш правец на делување, вистината е дека упорноста, искреноста и посветеноста во минатото донеле големи промени, па така нашата единствена порака до сите вас, млади и потенцијални соборци, е следнава:

Во борбата меѓу реката и каменот, реката е секогаш таа што ќе победи,
не зашто е посилна, туку зашто е поистрајна.

# ГЛАВА 2

## АКТИВИЗМОТ Е КОНТРОЛЕН МЕХАНИЗАМ

### ОПШТО

Правото на учество во обликување на законите и останатите прописи, т.е. во сите процеси на институционално одлучување, е законско право на секој граѓанин на Република Македонија. Иако нашите институции се обврзани да ја вклучат јавноста во процесите на носење одлуки, тоа што се случува во реалноста е далеку од она што е напишано на хартија. Вклучувањето на јавноста со години наназад е или:

- Несуштинско (pro forma): ставот кој институцијата го побарала од јавноста е целосно исклучен од крајната одлука/документ или на расправата „никој не се појавил“.

  **ПРИМЕР** Најеклатанен пример се јавните анкети за урбанистичките планови кои се објавуваат на ѕид во Општината, се организираат сред лето и никој не се појавува. Или орагизирање на јавна расправа во Охрид помеѓу Нова година и Божиќ со цел да има што помалку присутни.

  или

[3] Одржливо работно место е професионален ангажман кој ги задоволува критериумите на одржлив развој во хармонија со економски развој и социјална правда.

- Лажирано: смислено се повикуваат т.н. заинтересирани граѓани кои изјавуваат дека целосно се согласуваат со ставот на институцијата и следствено на тоа одлуките/документите не претрпуваат никакви измени

  **ПРИМЕР:** Во периодот кога се водеа јавни расправи околу предложените измени на Планот за управување со НП Галичица (2010-2020) кои требаше да овозможат реализација на мега-урбанистичките проекти, во 2016 г. се формираше неформална група од неколку локални организации кои инцираа поддршка за Стратегиската оцена на животната средина по предлог-измените на планот во која во голем дел се даде зелено светло за експресниот пат и поголем дел од ски-центарот, но со многу дискутабилна методологија за компензација на направената штета. Ваквиот чин на поддршка сам по себе беше апсурден, со оглед дека СОЖС треба да биде стручна евалуација за влијанијата на даден проект, а не предмет на поддршка или не. Имено се работеше за организации кои беа блиски со власта како иницијатор на измените на планот. Иронијата да биде поголема, една од локалните еколошки организации која беше во оваа иницијатива, беше и потписник на Декларацијата за зачувување на природното и културното наследство на Охридскиот Регион во која се бараше стопирање на предложените мега-проекти.

Важно е да се знае дека постои јадро од прописи со кои се гарантира заштитата на животната средина и пристапот до правда во оваа област. Такви се на пример, Законот за животна средина, Законот за заштита на природа, Законот за заштита на Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро, Законот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион, Законот за квалитет на амбиентниот воздух, Законот за води, Законот за отпад, итн.

Но, освен овие суштински прописи, има низа прописи со кои се третираат сфери што имаат допирни точки со животната средина. Такви примери се Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градење, Законот за минерални суровини, плановите и стратегиите за развој, итн. Неретко се случува овие останати прописи да се во судир со прописите со кои се гарантира заштита на животната средина. Тоа најчесто доведува до добро познатиот – и секогаш негативен – исход каде што природата заедно со нашето право на чиста животна средина завршуваат како колатерална штета на лични бизнис интереси кои без исклучок лажно се претставуваат како „економски развој“.

На пример, Законот за води во себе содржи контрадикторни членови бидејќи со него се забранува градење во 50 метри од линијата на највисок утврден водостој, а од друга страна истото е дозволено со издавање на водостопанска дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање. Исто така, во Законот за постапување по бесправно изградени објекти за такви објекти се сметаат, меѓу другите, и „објекти со намена домување во станбени куќи согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кои се изградени во заштитен крајбрежен појас на природни езера“ и истите со законот е предвидено да може да се легализираат.

Во Македонија најчесто се практикува прописите да се препишуваат од блиските земји, а некои од нив до пред десетина-петнаесет години беа целосно препишани, без никакви измени, од СФРЈ. Таквата практика доведува до нивна неспроведливост и спротивставеност. Системот на законски, подзаконски акти и останати прописи во Македонија е, најблаго кажано, хаотичен. Во продолжение го нудиме нашето искуство за излегување од темните, и навидум бескрајни, институционални лавиринти.

## БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Како што беше во повеќе наврати повторено во прирачников, точните и проверени информации (фактите) се најдобар сојузник на секој успешен активист. Во македонското законодавство е утврдено правото на секој од нас да добива информации од институциите. Институцијата, т.е. имателот на информацијата, е должен најдоцна во рок од 30 дена од поднесеното барање да ја достави информацијата до барателот доколку природата на бараните информации тоа го дозволува. Барателот на информацијата, било да е правно било да е физичко лице, има обврска да наведе име и презиме и податоци за контакт, но не е обврзан да го наведе основот по кој ја бара информацијата. Секој граѓанин на РМ има законско право да добие информации кои не се доверливи или по друг основ класифицирани како недостапни за јавноста и има право да ја оспорува востановената „доверливост" на документи од страна на институциите кои неретко го злоупотребуваат ова свое дискреционо право. Според најновите измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, севкупно земено, причини за ограничување на правото на граѓаните да добијат информации се следниве:

1) информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација;
2) личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци;
3) информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка;
4) информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката;
5) информација која ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

Законското право на слободен пристап до информации од јавен карактер произлегува од Архуската конвенција, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за животна средина. Оваа постапка е посебно важна, доколку постои сомнеж дека со одреден документ/одлука итн., било на централно било на локално ниво, се прекршил закон или друг пропис. Генерално, пристапот до информации од јавен карактер е неопходно да се користи како основа за сите понатамошни постапки. Со помош на овој механизам се добиваат сите неопходни информации доколку процесот тече како што е утврдено со закон. Се разбира дека македонската реалност воопшто не го одразува она што се содржи во законите, па така иако пристапот до информации од јавен карактер го сметаме за еден од фундаменталните процеси, многу често се случува да се отфрли барањето за пристап, информациите да не се добијат во законски утврдениот рок или барањето да е целосно игнорирано. Во овие ситуации постои можност за понатамошни постапки кои ќе бидат опишани во соодветните сегменти од овој прирачник.

**ПРИМЕР 1** Охрид SOS со добивање информации од јавен карактер успеа да утврди дека на една локација во старото градско јадро на Охрид дозволено е градење врз археолошки локалитет кој е несоодветно конзервиран и презентиран во согласност со важечките прописи, а сопственикот на имотот за тоа добил конзерваторско одобрение и дозвола за

градба од надлежните институции. Од Елеонора Новаковска, тогашната в.д. директорка на институцијата надлежна да го контролира зачувувањето на археолошките локалитети, Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, добивме одговор дека во однос на единствената римска вила откриена во Охрид „не станува збор за некое спектакуларно археолошко откритие кое би требало да биде на посебен начин споделено со јавноста". Токму овие информации служат за подоцнежни постапки кои може да се преземат и против конкретната институција и против конкретните одговорни лица.

**ПРИМЕР 2** Охрид SOS со со добивање информации од јавен карактер успеа да утврди како Комисијата за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион барем во еден наврат гласала и донела позитивна одлука за голем урбанистички проект спроведувајќи процес кој не е пропишан во Правилникот за работа. Тоа му беше предочено на Центарот за светско наследство во извештајот кој Охрид SOS го достави до УНЕСКО.

## ПРЕДЛАГАЊЕ НА ЗАКОНИ, ДРУГИ ПРОПИСИ, СТРАТЕГИИ И ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

„Наједноставниот" механизам за влијание врз македонските институции е да се предлагаат закони и останати прописи (подзаконски акти, стратегии, програми, планови, одлуки, итн.). Ова е т.н. превентивно делување. Во овој случај се интервенира во самиот корен на проблемот. Со предлагањето на законски, подзаконски акти, стратегии, планови итн. директно се учествува во формирањето на основата, т.е. рамката со која се обезбедува доменот на она што е дозволено и доменот на она што е забрането во одредена област.

Но, проблемите се јавуваат во неподготвеноста на македонските институции да го прифатат ваквиот начин на комуникација со јавноста. Најчесто нивната крајно конзервативна хиерархиска поставеност и подреденост на одделни партиски струи силно го попречува ваквиот процес. Друг доста проблематичен сегмент е (не)подготвеноста на самите активисти да испорачаат добри и издржани решенија. За да може да се предложи сеопфатен и применлив законски текст или каков било друг пропис, нужна е одлична теоретска и стручна подготвеност во областа, консултации со докажани експерти во сферата и следење на најдобрите светски практики т.е. вмрежување со активисти од светот кои имаат искуство на темата.

Предлагање на нови закони и останати прописи е можно и на ниво на локална власт и на ниво на централна власт.

а) На ниво на локална власт постапката оди преку советниците кои имаат добиено мандат на последните локални избори во општината. Тие имаат право да предлагаат иницијативи за програми, урбанистички планови и одлуки со тоа што по нивната формално поднесена иницијатива понатаму одлучува Советот со мнозинство. Советите на општините немаат право да предлагаат закони ниту подзаконски акти, тоа е исклучива обврска на централната власт.

б) На ниво на централна власт, владата и пратениците се тие кои имаат право да предлагаат закони во Собранието на РМ. По предлогот на закон – дали се усвојува или не се усвојува – потоа одлучува мнозинството пратеници во Собранието. Владата во Македонија предлага најголем дел од законите, а освен владата и пратениците, можно е и 10.000 избирачи да го поднесат предлогот на закон до Собранието на РМ. Поднесување на предлог на закон со 10.000 избирачи е одличен начин за мобилизација на сограѓаните и

иако има многу предизвици на патот до реализацијата на оваа цел, сепак е важно да се има предвид како можност.

**ПРИМЕР 1** Општината Охрид сè уште нема изработено Стратегија за развој на туризмот во регионот. Фактот дека подрачје со извонредно висок биодиверзитет – Охридското Езеро дури го нарекуваат и Балкански Галапагос – единствено може да опстане и правилно да се развива со одржлив туризам, треба да биде појдовната точка за изработка на ваквиот документ. Потоа, секој кој би се нафатил да го изработи овој документ, задолжително е за споредба да земе прописи од Словенија која предничи во одржливиот туризам во регионот и е првата земја во светот прогласена за зелена дестинација. Според Ева Штравс Подлогар, државен секретар на словенечкото Министерство за економски развој и технологии: „Развојот на одржливиот туризам ни беше главна обврска од Стратегијата за развој 2012-2016 и мило ми е што се покажа дека сме се движеле во вистинска насока“. При бранењето на ставовите да се користи успехот на Словенија, поточно факти од словенечките анализи за раст и развој на земјата, како главен аргумент.

**ПРИМЕР 2** Во март 2019 г. Охрид SOS поднесе иницијатива до Хидробиолошкиот институт во Охрид со барање институтот да предложи до владата (1) Посебна заштита на избрани видови во Охридско Езеро и (2) Ставање под привремена заштита на Студенчишко Блато сè додека не се прогласи за заштитено подрачје, што законот го овозможува. Советот на Хидробиолошкиот институт го усвои овој предлог, а во тек е процесот на комплетирање на потребната документација за предлог-видовите кои треба да се ставаат под посебен режим на заштита.

## КОМЕНТАРИ НА ЗАКОНИ И ОСТАНАТИ ПРОПИСИ

Поднесувањето коментари на закони и останати прописи е вториот степен на интервенција директно во коренот на проблемот и уште еден начин за превентивно делување. На овој начин може да се спречат секакви неповолни измени на законските и останати прописи. Повторно, овде е неопходна одлична подготовка и познавање, како на законите, така и на доменот кој се третира со конкретниот пропис. Вмрежувањето со останати активисти со соодветно искуство од земјава и од светот и овде е нужно за да може да се предложат најдобрите можни решенија и да се потенцираат и избегнат потенцијалните проблеми. **Јавната расправа** е една алатка која може да се користи за измена на: законски текстови, стратегии за равој, стратегиски оцени на влијанието на предложените проекти врз животната средина, елаборати за заштита на животната средина, планови (вклучително урбанистички) итн. Јавната расправа се состои од два елемента: настан за консултација и коментари испратени во писмена форма. На настанот се присутни и јавноста и институциите, се дебатира и се изложуваат (спротивставуваат) аргументите. Коментарите и забелешките секогаш е паметно да се испраќаат како препорачани писма на адреса на институцијата. Охрид SOS на почетокот испраќаше свои коментари и по пошта и во електронска форма. Но, како што поминуваат годините и нашата позиција како заштитник на правата на граѓаните сè повеќе се утврдува, на институциите им е сè потешко да нè игнорираат и можеме да си дозволиме најголем дел од комуникацијата со нив да ја водиме електронски. Внимавајте, електронска комуникација не се препорачува за нови активистички групи зашто е висок ризикот од игнорирање од страна на институциите.

За поднесување коментари на закони треба да се следи страницата ener.gov.mk, а доколку сакате да интервенирате во стратегии, програми, стратегиски оцени на влијание врз животната средина, елаборати за заштита на животната средина, плански документи

итн., неопходно е постојано да ги следите веб-страниците на соодветните институции (министерства, општини, итн.).



Сл. 1 Почетната страница на ЕНЕР

**ПРИМЕР** При усвојувањето на буџетот и на локално и на централно ниво како постапка по правило се исклучува јавноста, иако во практика постои можност да се искористат како алатка т.н. буџетски форуми. Буџетскиот форум е процес при кој граѓани и претставници на власта успеваат да утврдат буџет за претстојната година кој најдобро ги одразува вистинските потреби на граѓаните на една општина (ако се работи за општински буџет) или на целата земја (ако се работи за централниот буџет). На почетокот најважно е да се изберат поединци со интегритет и знаење кои ќе работат во најдобар интерес на сите граѓани. По завршувањето на подготвителните активности, се формира структурата на самите тела кои ќе го водат процесот и се даваат општи насоки за одвивањето на самиот процес. Потоа, откако ќе се утврдат тие општи правила се отпочнува со сесии каде што со следење на општите насоки и генералните принципи при планирањето на буџетот, граѓаните одлучуваат како најсоодветно и на најобјективен начин да ги распределат општинските средства. Така изготвениот предлог потоа се доставува до соодветниот сектор во општината (за финансии) од каде што продолжува процедурата утврдена со закон.

Со оглед на тоа што локалните самоуправи многу ретко се одлучуваат на ваков чекор, а во Собранието на РМ ниедназ не се случило вакво нешто, постои можност со примена на советите од делот **Предлагање на закони и останати прописи** да се направи напор практиката на планирање на централниот и општинските буџети со директна вклученост на јавноста да се вметне во закон како обврзувачка.

Во овој случај е важно да се нагласи дека во сите нивоа на власт постои посредна консултација при носењето на буџетот. Се консултираат експерти, граѓански здруженија и слично, како претставници на јавноста. **Меѓутоа, она што ние овде го препорачуваме е непосредна консултација на граѓаните.** Да може секој кој е заинтересиран да аплицира на јавен повик и во согласност со квалификациите, знаењата, итн., да биде објективно избран како дел од работна група која ќе го помине целиот процес со сите сесии опишани погоре.

Охрид SOS на својата [веб-страница](#) јавно ги објавува сите коментари кои ги поднесува до институциите било кон закони, планови за управување итн., како и други трудови кои самите ги изработуваме, така што тие може да послужат како одличен ресурс за новите активисти.

## ПРЕТСТАВКИ ДО ИНСПЕКЦИСКИ СЛУЖБИ

Овој т.н. трет стадиум од активистичкото делување излегува од доменот на превенцијата и влегува во доменот „контрола на штета“. Претставките до инспекциски служби се поднесуваат кога ќе постои сомнеж или јасни докази за незаконско однесување на одредена институција или кога ќе се утврди дека конкретната институција не санкционирала или на друг начин кој е во нејзина надлежност не спречила прекршување на законот од страна на службени, физички и/или правни лица.

За оваа цел, може да отидете на страницата на Инспекцискиот совет на РМ [www.is.gov.mk](http://www.is.gov.mk) и во делот *Инспекциски служби* да ги видите сите државни инспекциски служби кои постојат на територија на РМ. Со кликање на секоја од тие служби поединечно се отвора ново прозорче со општа информација за делокругот на работа на таа инспекциска служба. На левата страна има повеќе категории од кои може да се избере. За вас најважна е категоријата *Закони* каде што веднаш може да видите според кои закони е надлежна да постапува таа инспекциска служба и во самиот закон да проверите дали сте во право за прекршувањето за кое се сомневате.




Сл. 2 Почетна страница на Инспекцискиот совет на РМ




Сл. 3 Страница со листа на инспекциски служби




Сл. 4 Страница со општи информации за инсп. служба и категоријата *Закони*




Сл. 5 Страница со закони од делокругот на работа на инспекциската служба

Доколку ви е потребен контакт од локален инспектор/инспекциска служба, побарајте на веб-страницата на самата локална самоуправа. Македонските институции се познати по неажурирањето на информациите, така што најверојатно ќе биде неопходно да се јавите во општината за да ги добиете потребните информации – да дознаете кој инспектор/служба е надлежен за проблемот кој сакате да го пријавите, како и неговите конткат-информации.

Имајте на ум дека законите не се единствените прописи по кои може да се поднесуваат претставки. Претставки може да се поднесуваат и за прекршување на подзаконските акти – правилниците. Правилниците би требало да се достапни на страниците на институцијата во чиј домен на работа се. Но, имајќи предвид дека живееме во земја во која почитувањето на законите е исклучок, а не правило, доколку не гледате извесен правилник објавен на страницата на институцијата, веднаш контактирајте ја и побарајте итно јавно да го објави.

Претставките до инспекциските државни и/или локални служби секогаш поднесувајте ги преку архивата на институцијата. Така ќе имате доказ со архивски печат за поднесокот кој може да ви служи за понатамошни постапки во случај на незаконско однесување од страна на институцијата, како на пример ненавремено одговарање или целосно игнорирање на вашата претставка. Доколку по поднесената претставка до инспекторат нема никаква реакција, може да се прави јавен притисок преку претставки до надлежни министерства, премиер, Инспекциски совет. Може да се поднесе и претставка до Државниот управен инспекторат кој ги третира сите прекршувања во управна постапка. Дополнително, во одредени случаи има можност и да се поведе управен спор за молчење на администрацијата пред Управниот суд на РМ.

**ПРИМЕР** Во *Прилог 3* може да погледнете неколку примери на претставки поднесени во врска со нелегалната градба на хотел во Лагадин по која инспекциските служби постапија и врз основа на нивниот наод, градоначалникот на Општина Охрид го поништи одобрението за градење.

## ПРЕТСТАВКИ ДО КОМИСИИ

Во македонскиот државен систем постојат повеќе комисии. На пример, Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, итн. На страницата komspi.mk може да најдете целосна листа на сите државни комисии. Имињата на комисиите се хиперлинкови и ве водат до посебна страница за секоја од нив каде што се дадени општите контакт-информации, а во засебни категории и прописите врзани со работата на комисијата, записници од седници и други корисни податоци. Секако дека тие информации не се ажурирани и ваше право е да побарате да ги ажурираат.




Сл. 6 Почетна страница на Комисијата за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер со целосна листа на сите државни комисии

Низ годините искуство како активисти слободно можеме да кажеме дека тие комисии повеќе постојат на хартија отколку што функционираат во реалноста. Сепак, важно е да се задржи притисокот врз нив и да се користат максимално како алатки за да си го обезбедиме пристапот до правда кој ни е загарантиран со закон. Сè додека ние молчиме и се помируваме со „реалноста“ дека „тоа е“ и „таква ни е земјата“, така и ќе биде. Наша задача е да им ја одземеме на институциите удобноста на која се навикнати, а тоа се прави со постојано објавување на фактите во јавноста, како и со отпочнување постапки пред соодветни инстанци, по потреба и надвор од нашата земја.

**ПРИМЕР** Во март 2018 г. Граѓанската иницијатива Охрид SOS поднесе жалба кон решението на Министерството за животна средина и просторно планирање да одобри изградба на регионална депонија во Општина Дебрца. Жалбата во законски рок беше

поднесена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. После пет месеци пративме допис за да се инфромираме до каде е постапката, на што повторно не ни беше одговорено. Откако во август 2019 г. жалбата на наш член по истиот основ и со истиот поднесок што го изработи Охрид SOS беше усвоена, се обративме до Второстепената комисија со барање да се одговори на жалбата на иницијативата. Добивме телефонски повик од претседателката на Второстепената комисија која ни кажа дека веќе разрешената Второстепена комисија воопшто не ја процесирала нашата жалба – исто како таа и да не била поднесена. Претседателката не само што се однесуваше надмено и даде дури забелешка за дијалектот на соговорникот, туку ни кажа дека требало да најмиме адвокат бидејќи тие не биле задолжени за правни совети, на што пак примачот на жалба е задолжен со закон. На тој начин Комисијата го оневозможи пристапот до правда на граѓаните по основ на многу важно прашање – третманот на отпад. На нашето формално барање Комисијата да ни достави писмено образложение во однос на жалбата, сè уште чекаме.

## ТУЖБИ

Тужбите пред домашни и меѓународни инстанци во најголем дел од случаите се последниот избор. Причините за тоа се недостиг на финансии, страв од можни реперкусии пострашни отколку во другите механизми на активистичко делување, корумпираност на судовите и обвинителствата, итн. Сепак, доколку нема друг начин за да се спречи флагрантно прекршување на законите или злоупотреба на законите за озаконување на криминалот, судските постапки се единствениот начин. Дотолку повеќе што, по искористувањето на сите правни лекови во една земја, т.е. поминувањето низ сите нивоа на судската власт и добивање на пресуди кои се спротивни на јавниот интерес, можноста да се продолжи постапката пред меѓународни судови е еден начин да се задоволи правдата. Во Македонија и покрај алармантното загадување на воздухот, водите, почвите, и покрај вонсериското уништување на животната средина и на исклучителни природни вредности, тужбите против институции и функционери се незавидна бројка. Време е тоа да се смени. За да можете да бидете што поефикасни во ваквата постапка, најпрво е важно да воспоставите добра комуникација и доверба со донатор со кој подолго време соработувате. За да се изведе оваа активност неопходни се финансии. Неопходни се и поединци кои ќе се согласат да фигурираат на тие тужби како физички лица самостојно, како физички лица – претставници на одредена неформална активистичка група или како правни застапници на граѓанска организација. Понатаму, нужно е во соработка со останати активисти од земјата и светот да се најде добра препорака за адвокат или цел тим адвокати кои би требало да работат на случајот. Бесцелно е да се ангажира кој било. За да се осигура позитивен исход од постапката, адвокатот кој се најмува да работи на случајот мора да е извонреден и добро подготвен. Имајте предвид дека од отпочнување на постапката до носењето на конечната пресуда може да поминат и години. Знајте дека ова не е активност што се завршува „преку ноќ“, туку комплициран процес што бара трпение, посветеност и упорност.

Постапката најпрво се започнува пред надлежниот суд, потоа во зависност од пресудата постои можност за обжалување на одлуката пред Апелациониот суд, а потоа и до Врховниот суд. Одлуките на Врховниот суд на РМ се конечни и извршни. Откако ќе се заврши процесот на барање правда пред македонските институции, постои можност за почнување на постапки пред соодветни меѓународни инстанци, како на пример Европскиот суд за човекови права.

**ПРИМЕР** Охрид SOS и Здружението за заштита на животните и животната средина Е.Д.Е.Н. се во процес на поднесување т.н. деклараторни тужби против централната и локалната власт поради загрозување на УНЕСКО статусот. Никогаш досега во Македонија, и покрај извонредниот интензитет на уништување на регионот, никој не поднел тужби против државата. Се надеваме дека нашиот пример ќе го следат и останати граѓански организации, активистички групи, како и поединци. УНЕСКО Регионот е уникатно богатство и не смее да се дозволи со него да управуваат органи кои немаат елементарна свесност за тоа што значи да се биде чувар на светско наследство и исклучителни универзални вредности.

## НЕМОЌНИ ИНСТИТУЦИИ

Државниот завод за ревизија и Народниот правобранител се можеби единствените институции во Македонија кои си ја вршат работата според закон. Проблемот е што освен извештаите и заклучоците кои тие институции ги произведуваат, постапките најчесто не одат понатаму бидејќи по поднесувањето на пријави до надлежен обвинител, нивната работа е завршена и тие повеќе немаат никаква надлежност.

### *Државен завод за ревизија*

Државниот завод за ревизија (ДЗР) врши ревизија на законитост и ревизија на успешност. Ревизијата на законитост меѓу другото опфаќа надзор над финансиското работење на корисниците на државни средства додека со ревизијата на успешност се оценуваат ефикасноста и ефективноста на одделни државни политики (пр. политика за намалување на загаденоста на воздухот). ДЗР има обврска, доколку во неговите наоди постои сомневање за сторено кривично дело да го извести јавниот обвинител кој го презема истражувањето и гонењето на потенцијалните сторители. ДЗР извештаите ги доставува до органот-предмет на надзор, хиерархиски надредениот државен орган и Собранието.

### *Народен правобранител*

Народниот правобранител ги штити човековите права кога тие се повредени од страна на државните органи. Народниот правобранител доколку најде повреда може да побара нејзино отстранување, поднесува известување до Владата на РМ, а ако има основи за кривично дело го известува јавниот обвинител.

## ЛОКАЛНИ (ОПШТИНСКИ) СОВЕТИ

Советниците во локалните совети се избрани на локални избори и се носители на јавни функции. Според закон тие се должни да работат во корист на граѓаните кои ги претставуваат. Советниците имаат ран пристап до сите одлуки кои се усвојуваат или се дискутираат на седниците на локалните совети. Тие се должни да ви ги проследат материјалите за одредени точки доколку го побарате тоа од нив. Но, поголемиот проблем е што во локалните совети многу често има практика одлуките да се објавуваат јавно дури откако биле усвоени на седницата на Совет преку службениот гласник на Општината, меѓутоа, тоа е предоцна и неопходно е граѓаните однапред да го имаат полниот нацрт-текст на одлуката (која не е исклучено да претрпи амандмански измени во рамки на самата седница), но сепак, ќе имаат увид во најголемиот дел од текстот и ќе може да

иницираат соодветна реакција како на пример, да достават барање до претседателот на советот и советниците:
(а) да се симне точката од дневен ред
(б) да се симне точката од дневен ред и да не се става повторно сè додека не се одржи јавна трибина или дискусија каде што граѓаните заедно со независни експерти ќе може да ги искажат своите ставови и на тој начин да влијаат врз конечниот текст на одлуката која би се усвоила на некоја од претстојните седници на Советот
(в) да внесат конкретни амандмански измени во текстот на одлуката пред таа да биде усвоена

**ПРЕПОРАКА:** Како граѓанин на одредена општина имате право да побарате од советник да предложи точка на дневен ред усвојување на Правилник и План за јавност во работата на Општината. Тоа се две алатки со кои драстично се зголемува транспарентноста на локалните самоуправи, а со тоа и директната вклученост на граѓаните во процесите на носење одлуки.

Од суштинска важност е да се нагласи дека граѓаните секако имаат право да влијаат врз која било одлука и да бараат истата да се усвои или да не се усвои, но тоа мора да бидат информирани граѓани кои добро ги познаваат начелата на одржливиот развој. Во спротивно може да се постигне контра-ефект – неинформирани граѓани може да иницираат носење на лоши одлуки или може да поддржат лоша одлука предложена од владејачката гарнитура.

**ПРИМЕР** Охрид SOS подолго време се бореше да се задржи актуелната заштита и зонирање на Националниот парк Галичица (ЈУНПГ) кои беа во опасност незаконски да се деградираат со измени во Планот за управување со ЈУНПГ (2011-2020) за кои притискаше тогашната власт на вмро-дпмне.

Сите аргументи беа на спротивната страна. Според Законот за заштита на природата дадена зона на повисока заштита може да се деградира во зона на пониска заштита единствено ако се деградирани природните вредности на реоните, што значи дека областа (појасот) повеќе не ги поседува тие карактеристики поради кои била прогласена за зона на одржливо користење, активно управување или строга заштита.

Понатаму, во дел од областите опфатени со измените во Планот за управување со ЈУНПГ (2011-2020) живеат видови флора и/или фауна кои се ретки, ендемични и/или загрозени и овие видови со предложените измени можеа да бидат неповратно уништени.

Изградбата на дел од проектот – конкретно експресниот пат А3 ќе повлечеше губење на еден од критериумите поради кои регионот е прогласен за УНЕСКО светско природно наследство – пејзажот/визурата. Со експресниот пат планината ќе се жигосаше напречно.

Дополнително, самите измени не беа целосни сценарија, односно, имаше големи пропусти во однос на самата реализација на проектот – имаше предвидено патека од вештачки снег, имаше предвидено ски-центар на планина која нема доволно снежни врнежи за одржување на снежна покривка, ефектот од климатските промени беше сосема занемарен, немаше утврдено начини за справување со отпадните води, немаше никаква проценка на кумулативното влијание од сите легла, возила итн. и останат антропоген притисок врз кревката природа на Галичица поради која таа ја добила титулата Национален парк и не само таа титула. Галичица уште е (земи од анкетите). (допиши ако треба инфо од коментарите)

Имајќи ги предвид сите овие факти, Охрид SOS жестоко и аргументирано се бореше на секоја јавна расправа, при секое доставување коментари во пишана форма.
Додека, „аргументите“ од другата страна, најчесто од граѓани кои или беа врбувани од актуелната владејачка гарнитура да го поддржат проектот беа следни:

- „Ако не се изгради експресниот пат, моето дете ќе се отсели зашто тука нема иднина“
- „Ако не се изгради експресниот пат, децата ќе ми повраќаат во кола поради предолго возење кога одиме накај плажа во Љубаништа“.

## СОБРАНИЕ

Граѓаните индивидуално или здружени може да поднесуваат иницијативи за донесување на закони, за измена на постојни закони, за иницирање дебати во работните тела или за формирање на анкетни комисии за истражување на одредено прашање. Иницијативите се разгледуваат од работните тела на собранието до кои се адресирани. Препорачливо е користење на тековни програми кои овозоможуваат поврзување на пратениците со граѓаните. Но и во овој случај, како и во сите случаи кога нешто зависи од избрани политичари на власт, клучен елемент е да се врши силен притисок во јавноста, а под тоа се подразбира постојано да се зборува за проблемот, да се нудат решенија и да се обзнануваат факти за игнорантниот однос на политичарите на власт кон конкретното прашање, како и за нивната неволност да го решат проблемот.

# ЗАКЛУЧОК

Секој од нас има можност да делува и да придонесе за позитивни промени. За жал, затекнати сме во период од развојот на нашето општество во кој од секој од нас зависи каков правец ќе заземеме за иднината. Се наоѓаме во ситуација кога немаме луксуз да бидеме само неми набљудувачи на штетата што се случува насекаде околу нас.

Ти се обраќаме тебе, млад согражанину. Ти повеќе не смееш да си дозволиш да сведочиш неправди и да се чувствуваш дека си завршил голема работа бидејќи си ја проследил информацијата понатаму со апелот „НЕКОЈ НЕКА НАПРАВИ НЕШТО". Ти повеќе не смееш да си дозволиш да бидеш ментален роб на политичките елити.

**ЗАПОМНИ, ТИ ИМАШ МОЌ И ТИ МОЖЕШ СÈ ДА СМЕНИШ!**

Со љубов,
*твоите другари од Е.Д.Е.Н. и Охрид SOS*

# ПРИЛОЗИ

## *Прилог 1:* КУЌЕН РЕД НА РАКОВОДНА АКТИВИСТИЧКА ГРУПА

### А) ОПШТО

1. Име (во понатамошниот текст *Организацијата*) е неформална граѓанска иницијатива со хоризонтална структура.
2. Сите одлуки (со исклучоци*) во Организацијата се носат со просто мнозинство.
3. Сите членови во Организацијата се рамноправни и имаат еднакво право на глас.
4. Трудот/учинокот на секој член на Организацијата е еднакво важен, никој не е над никого.
5. Строго се забранува омаловажување на придонесот на поединецот во Организацијата.
6. Строго се забранети активности што може да придонесат за ослабување на Организацијата.
7. Строго се забранува изнесување осетливи информации надвор од Организацијата.
8. Секој член контактиран поединечно в. в. со Организацијата задолжително и веднаш ја споделува понудата/информацијата со членовите преку групата за дискусија.
9. Ниеден член не се договара ништо од име на Организацијата без претходен договор со членовите.
10. Прекршувањето на која било од погорните ставки ќе се санкционира со исклучување (исфрлање од Организацијата) по претходни предупредувања.
11. Сите членови имаат обврска однапред и во разумен рок** да најават отсуство подолго од 48 часа.

### Б) ПРОЦЕС НА ГЛАСАЊЕ

1. Важните одлуки (деликатни објави на соц. медиуми, учество во контроверзни настани, соработка со контроверзни чинители, вклучување во проекти, итн.) се носат исклучиво со гласање.
2. Предлогот за кој треба да се гласа се споделува во група за дискусија со определен рок.
3. По дискусијата се објавува ревидиран предлог со кристализирани опции и рок за гласање (не подолг од 48 часа).
4. Предлагачот е должен да се осигура дека поголемиот дел од членовите ќе придонесат.
5. Доколку, во исклучителни околности, 1/3 од членовите не го виделе предлогот на време и имаат замерки за резултатите од гласањето, процесот се повторува.

### В) ДОГОВАРАЊЕ СРЕДБИ

1. Сите понуди за средби (состаноци, настани, конференции, самити, итн.) што ги добиле поединци веднаш се споделуваат во групата за дискусија.
2. Членовите избираат најподобни претставници за учество на средбата според правилата од „Процес на гласање“.
3. Избраните претставници се должни да споделат кус записник со членовите од групата не подоцна од 72 часа по завршувањето на средбата.

## Г) УЧЕСТВО НА ПРОЕКТИ

1. Секој член на Организацијата има право да биде вклучен како поединец на проект поврзан со активностите на Организацијата, но за тоа задолжително мора да ги извести членовите.
2. Строго е забранета злоупотреба на волонтерскиот труд на членовите на Организацијата без нивно знаење за природата на активноста во која се вклучуваат.
3. Секој член на Организацијата кој добил понуда да работи на проект како претставник од Организацијата е обврзан да ја пренесе веднаш информацијата до членовите.
4. Ако Организацијата треба да биде вклучен во одреден проект, условите, членот кој ќе го претставува, итн. се бираат исклучиво според правилата од „Процес на гласање“.

***Исклучоци** за кои не мора да се гласа се обични објави на социјални медиуми и сите останати несуштински работи/активности од чиешто спроведување не може и нема да произлезе негативно влијание врз Организацијата.

****Разумен рок** е период од најмалку 72 часа однапред во неактивен период (кога нема голем интензитет на активности), а во активен период (пишување проекти, кампањски активности, соработка со други организации/институции итн.), разумен рок е период од најмалку 5 дена однапред. Исклучок се итните патувања (поврзани со семејство, работа, итн.).

**ЗАБЕЛЕШКА**:
Со оглед на тоа што условите во кои работиме постојано се менуваат, овој Куќен ред е подложен на промени како што ќе налагаат потребите во иднина за да се овозможи максимална леснотија во функционирањето на Организацијата.

# *Прилог 2:* КУЌЕН РЕД НА АКТИВИСТИЧКА ПОДРУПА

## А) ОПШТО

1. Име (во понатамошниот текст *Организацијата*) е неформална граѓанска иницијатива.
2. Организацијата е составена од Раководна група[4], и подгрупи.
3. Раководна група е група со хоризонтална структура која работи на волонтерска основа.
4. За членови на Активистичка подгрупа се сметаат сите членови од Раководна група и сите членови од сите подгрупи кои во моментов постојат или ќе постојат во иднина.
5. Одлуките во Организацијата ги носат исклучиво членовите на Раководна група со просто мнозинство.
6. Член од која било подгрупа има право да прејде во Раководна група доколку во континуиран период од најмалку 6, а најмногу 12 месеци придонесува за Активистичка подгрупа на ист начин како и членовите од Раководна група.

## Б) АКТИВИСТИЧКА ПОДГРУПА

1. Активистичка подгрупа е подгрупа на Раководна група која работи на волонтерска основа.
2. Активистичка подгрупа е група во која покрај членовите од Раководна група на Организацијата , се вклучени и поединци кои изразиле желба и би можеле да дадат активен придонес за обезбедување бескомпромисна и трајна заштита на охридско-преспанскиот регион, информирање на граѓанската и научната јавност за опасностите по неговата екологија, јакнење на свеста и афирмација на природното и културното наследство и неопходноста од обезбедување на одржливо управување со регионот.
3. Членовите на Активистичка подгрупа се под директна координација на членовите од Раководна група.
4. Строго се забранува недругарски однос – навредување и/или понижување од каков било вид.
5. Строго се забранува омаловажување на придонесот на поединецот во Активистичка подгрупа, трудот/учинокот на секој член на Активистичка подгрупа е еднакво важен.
6. Строго се забранува изнесување информации надвор од Активистичка подгрупа.
7. Строго се забранува користење на труд/материјали изработени од Активистичка подгрупа за други, освен за целите на самата Организација.
8. Строго се забранува дистрибуција на труд/материјали изработени од Активистичка подгрупа со надворешни лица.
9. Строго се забранува членовите на Активистичка подгрупа да се договараат со трети страни во име на Организацијата.

---

[4] Член на Раководната група е секој активен член што посветил просек од најмалку 10 часа неделно во континуитет за Организацијата (изработувал веб-страница, одржувал профили на социјални мрежи, учествувал во изработката на проекти, изработувал визуелни материјали за печатење или за електронско користење, пишувал коментари за институции, претставки, учествувал со предлози кон нови закони, пишувал соопштенија за јавност, учествувал на јавни расправи, конференции, одел на состаноци со други организации и институции, итн.).

10. Строго се забранува злоупотреба на трудот на членовите на Организацијата без нивно знаење за природата на активноста во која се вклучуваат.
11. Прекршувањето на која било од погорните ставки ќе се санкционира со исклучување (исфрлање од Активистичка подгрупа на Организацијата) по претходно предупредување.
12. Сите членови имаат обврска однапред и во разумен рок[5] да најават отсуство подолго од 48 часа.
13. Доколку некој член има преземено обврски кои треба да бидат исполнети во време на неговото отсуство, треба навремено да извести и да се обиде да најде соодветна замена во рамките на Организацијата.

## В) ПРОЦЕС НА ГЛАСАЊЕ

1. Гласовите на членовите на Раководна група имаат одлучувачка улога, додека гласовите на останатите членови на Активистичка подгрупа имаат советодавна улога.
2. Одлуките во рамки на Активистичка подгрупа се носат исклучиво со гласање.
3. Секој од членовите на Активистичка подгрупа може да поднесе предлог за гласање.
4. Предлогот се споделува во групата за дискусија со определен рок.
5. По дискусијата се објавува ревидиран предлог со кристализирани опции и рок за гласање, не подолг од 48 часа. Во одредени случаи, кога е потребна брза интервенција тоа време може да биде и пократко што треба да биде наведено при самиот повик за гласање.
6. Предлагачот е должен да се осигура дека поголемиот дел од членовите ќе придонесат.
7. Доколку, во исклучителни околности, 1/3 од членовите од Раководна група не го виделе предлогот на време и имаат замерки за резултатите од гласањето, процесот се повторува.
8. Доколку 2/3 од членовите од Раководна група се изјасниле за/против, истиот се смета за прифатен/отфрлен.

## Г) ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ СТРАНИ

Секој член на Активистичка подгрупа контактиран поединечно со понуда од каква било природа в. в. со Активистичката подгрупа, треба задолжително и веднаш ја проследи понудата/информацијата до членовите од Раководна група преку соодветен канал (објава во групата или приватна порака).

## Г1) ДОГОВОРИ ЗА СРЕДБИ

1. Сите понуди за средби (состаноци, настани, конференции, самити, итн.) што ги добиле поединци веднаш се проследуваат до членовите од Раководна група преку соодветен канал.
2. Членовите од Раководна група избираат најсоодветни претставници за учество на средбата според правилата од „Процес на гласање“. Во одредени случаи, ако некоја

[5] Разумен рок е период од најмалку 72 часа однапред во неактивен период (кога нема голем интензитет на активности), а во активен период (пишување проекти, кампањски активности, соработка со други организации/институции итн.), разумен рок е период од најмалку 5 дена однапред. Исклучок се итните патувања/отсуства (поврзани со семејство, работа, итн.).

средба е закажана за Охрид (или Скопје), се избира член (или членови) кои се од тоа место.
3. Избраните претставници се должни да споделат записник не подоцна од 48 часа по завршувањето на средбата и во зависност од нивото на доверливост да го споделат со сите членови или само со членовите од Раководна група .

## Г2) ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

1. Строго се забранува членовите на Активистичка подгрупа да комуницираат со јавност (ТВ, радио, електронски медиуми) или која било друга институција како претставници на Охрид SOS без претходно одобрување од мнозинство членови на Раководна група.
2. По одобрувањето на мнозинството членови, соопштението за јавност се срочува и усвојува според правилата од „Процес на гласање“.
3. Членот на Активистичка подгрупа во кореспонденцијата со соодветниот медиумски канал или кој било друг ентитет задолжително да го вклучи organizacija@mail.com во севкупната комуникација.
4. Членот на Активистичка подгрупа избран да ја претставува Организацијata е должен усвоеното соопштение во конечната верзија да го сподели во Раководна група та, а истото ќе биде испратено преку официјалната електронска адреса на Организацијата.

## Д) ПРОЦЕС НА КРЕИРАЊЕ ТЕКСТОВИ И ИЗВРШУВАЊЕ ЗАДАЧИ

(за социјални мрежи, веб-страница, списанија итн.)

1. Членовите на Активистичка подгрупа се охрабруваат активно да придонесуваат во работата на Организацијата (давање прелози, изработка на текстови, помагање во извршување на задачи, истражувања, споделување релевантни информации, можности за соработка, проекти итн.).
2. Членот кој го објавува предлог-текстот за коментари и сугестии ја презема улогата на одговорно лице и се грижи за формулирање на текстот во неговата конечна верзија.
3. Конечната верзија на текстот за социјалните мрежи и веб-страницата ја објавува некој од членовите на Раководна група .
4. Конечната верзија на текстот за медиуми ќе биде споделен преку официјалната електронска адреса на Организацијата.

**ЗАБЕЛЕШКА**:
Со оглед на тоа што условите во кои работиме постојано се менуваат, овој Куќен ред е подложен на промени како што ќе налагаат потребите во иднина за да се овозможи максимална леснотија во функционирањето на Организацијата.

# Прилог 3: НЕЗАКОНСКИ ХОТЕЛ ЛАГАДИН, ДЕТАЛНА СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

## А) Хронологија на настани

1. Инвеститорот Т. добива дозвола за градење во декември 2016 г. и истиот месец почнува со градење.
2. Декември 2016 г. Општина Охрид одржува прес-конференција каде што неколку од надлежните тврдат дека целата постапка е законска.
3. Јануари 2017 г. Охрид SOS поднесува претставка до неколку инспекторати по што државен градежен инспектор и инспектор за животна средина излегуваат на терен.
4. Јануари/Февруари 2017 г. активисти на Охрид SOS се состануваат со лагадинци и ги поттикнуваат да ги испратат истите претставки како и Охрид SOS до инспекторатите.
5. Градежните активности продолжуваат на што Охрид SOS повторно интервенира.
6. Лагадинци се мобилизираат и формираат граѓанска организација Стар Лагадин со цел полесно да си ги остварат правата пред Општина Охрид, бидејќи со укинувањето на месните заедници, Лагадин, како и многу други места, беше оставен без никаква правна форма за комуникација со Општината иако сопствениците на имоти уредно плаќаат давачки на Општината Охрид.
7. На 01 март 2017 г. Охрид SOS ја добива одлуката на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам од 23 февруари 2017 г. во која на градоначалникот на Општина Охрид му се укажува одобрението за градење Уп.1 Бр.20-3852 од 05.12.2016 г. да го поништи поради утврдени низа неправилности во постапката.
8. Градоначалникот Бакрачески одобрението за градба со број УП 1. Бр.20-3852 го прогласува за ништовно на 15.03.2017 г. при што Општината Охрид упорно тврдеше дека поништувањето се должи на ненавремено известување за отпочнување со градба од страна на инвеститорот. Но, Охрид SOS го има документот од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам во кој се бара од Општина Охрид да го поништи одобрението поради тоа што „се утрдени повеќе неправилности во постапката за утврдување на услови за градење во село Лагадин и постапката за издавање дозвола за градење на предметниот хотелски комплекс“ и тоа од 3 институции (Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, Државниот инспекторат за животна средина и Управата за културно наследство). Овој документ е доставен до Општина Охрид на 23.02.2017 г., решението го поништиле дури на 15.03.2017 г., а градбата беше запрена на 16.03.2017 г. Во јуни пак продолжи.
9. Инвеститорот Т. поднел жалба до Министерство за транспорт и врски која била усвоена и предметот е вратен до Општина Охрид.
10. Градоначалникот Бакрачески го потврдува решението што го донел претходно.
11. Април 2017 г. здружението Стар Лагадин поднесува иницијатива до Уставниот суд за оценување на законитоста на Општиот акт за Лагадин во надеж дека со поништување на Општиот акт ќе ја запрат изградбата на незаконскиот хотел.
12. Август 2017 г. лагадинци организираат протест и го блокираат патот Охрид - Св. Наум.
13. Март 2018 г. здружението Стар Лагадин ја дополнува иницијативата пред Уставен суд за оценување на законитоста на Општиот акт за Лагадин со повеќе докази.
14. Август 2018 г. здружението Стар Лагадин и Охрид SOS организираат протест „Мора мораториум“ и перформанс пред Општина Охрид и поднесуваат барање до градоначалникот за прогласување мораториум во урбанизацијата.

15. Во периодот 2017-2019 г. инвеститорот Т., одлуката на Општината односно градоначалникот ја обжалува шест пати до Второстепена комисија при Министерство за транспорт и врски. Министерство секојпат му ја уважува жалбата и предметот повторно го враќа на одлучување во Општина Охрид.
16. Според последните информации (2019 г.) Второстепената комисија ја отфрлила жалбата на инвеститорот. Сега е повторно во рацете на Општината.
17. Во текот на целиот период од поништувањето на решението до денес, градбата на хотелот продолжува, за викенди, празници итн. Последно, најеклатантен пример на нелегални градежни активности беа забалежани за време на одржувањето на 43. Седница на Комитетот за светско наследсво на УНЕСКО во Азербејџан.
18. Охрид SOS дури некаде на почетокот на 2019 г. по опсежни консултации со правници почнува да се сомнева дека Општината Охрид единствено му ја поништила на инвеститорот Т. клаузулата за правосилност на одобрението за градење, а не и самото одобрение, со што овозможила бесконечно да трае процесот на обжалување и враќање на целата постапка одново и одново на почеток.
19. Уставниот суд по цели две години донесува решение У. бр. 30/2017 со кое ја отфрла иницијативата на Стар Лагадин за оценување на законитоста или уставноста на Општиот акт за Лагадин.
20. Уставниот судија д-р Дарко Костадиновски кон решението на Уставен приложува свое Издвоено мислење во кое не се согласува со одлуката на неговите колеги и смета дека требало да се поведе постапка за оценување на законитоста и уставноста на Општиот акт за Лагадин.

## Б) Претставки на Охрид SOS до надлежните државни инспекторати

**<u>Предмет:</u> Претставка за незаконски издадено одобрение за градба на хотел во с. Лагадин, Охрид**

**<u>До:</u> Директорка на Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, г-ѓа Марина Наќева Кавракова**
**<u>Копија до:</u> Претседател на Инспекциски совет на РМ, г. Влатко Илиевски**

Почитувана г-ѓа Кавракова
Почитуван г. Илиевски,

Ве информираме дека до нас, неформалната граѓанска иницијатива Охрид SOS, стигнаа поплаки од сопствениците на имоти и жителите на с. Лагадин кои се пожалија на изградба на хотел со незаконски издадено одобрение за градба. Оваа претставка до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ја испраќаме во согласност со член 24 од Уставот на РМ.

На веб-страницата на Општина Охрид имаше јавна објава за противзаконски издаденото одобрение за градба, но не само што никаде не е објавена никаква процедура или постапка која довела до негово издавање, туку со неговото незаконско издавање се прекршени следниве закони и акти за кои е надлежен Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам:

- Прекршен Законот за просторно и урбанистичко планирање (чл. 33 и чл. 35)
- Прекршен Законот за градење (чл. 83 став 1 и 3, чл. 84)
  *Поради нетранспарентност на постапката и неможност за јавен увид во целокупната документација, <u>постои сомнение и за прекршување на чл. 47 став 8, чл. 48 и чл. 56 од истиот Закон</u>
- Прекршен Правилникот за начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин (чл. 8)

Во прилог:
- Примерокот од јавната објава за издадено одобрение објавена на веб-страницата на о. Охрид
- Фотографии од 1 и 11 јан. 2017 г. каде што јасно се гледаат прекршувањата на Законот за градење

Очекуваме да испратите инспектори на терен и да го запрете прекршувањето на горенаведените закони така што **<u>итно ќе иницирате поништување на незаконското одобрение за градба.</u>**

Очекуваме инспекторите кои ќе го преземат случајот да го почитуваат во целост Етичкиот кодекс на кој се обврзани.

Ве замолуваме решението по оваа претставка да го доставите на следнава електронска адреса ohridsos@gmail.com во законски утврдениот рок.

Со почит,
Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS

ЕДЕН
EDEN

Се залагаме за еднаквост, достоинство, емпатија и натурализам.
Совршена рамнотежа меѓу човекот, животните и природата.

We stand for Equality, Dignity, Empathy, and Naturalism.
Perfect balance between man, beast, and nature.

ОХРИД SOS

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
SARAJEVO
Bosnia and Herzegovina | Albania |
North Macedonia

**<u>Предмет:</u> Претставка за незаконски издадено одобрение за градба на хотел во с. Лагадин, Охрид**

**<u>До:</u> Директор на Државен управен инспекторат, г. Ромео Деребан**
**<u>Копија до:</u> Претседател на Инспекциски совет на РМ, г. Влатко Илиевски**

Почитуван г. Деребан
Почитуван г. Илиевски,

Ве информираме дека до нас, неформалната граѓанска иницијатива Охрид SOS, стигнаа поплаки од сопствениците на имоти и жителите на с. Лагадин кои се пожалија на изградба на хотел со незаконски издадено одобрение за градба. Оваа претставка до Државниот управен инспекторат ја испраќаме во согласност со член 24 од Уставот на РМ.

На веб-страницата на Општина Охрид имаше јавна објава за противзаконски издаденото одобрение за градба, но не само што никаде не е објавена никаква процедура или постапка која довела до негово издавање, туку со неговото незаконско издавање се прекршени следниве закони и акти кои се дел од управната постапка за чијшто надзор е надлежен Државниот управен инспекторат:

- Прекршен Законот за вработените во јавниот сектор (чл. 8, чл. 9, чл. 10)
- Прекршен Законот за користење на податоци од јавниот сектор (чл. 5)
    - Прекршен Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (чл. 4, чл. 13)
- Прекршен Законот за општа управна постапка со прекршување на следниве закони при управната постапка за издавање одобрение за градење:
    - Прекршен Законот за заштита на Охридско, Преспанско и Дојранско Езеро
    - Прекршен Законот за води (чл. 131 став 1 алинеи 4, 5 и 7)
    - Прекршен Законот за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион (чл. 9, чл. 17 став 1, чл. 23 став 2)
    - Прекршен Законот за животна средина
    - Прекршен Законот за заштита на природата
    - Прекршен Законот за градење (чл. 83 став 1 и 3, чл. 84)
      *Поради нетранспарентност на постапката и неможност за јавен увид во целокупната документација, постои <u>сомнение и за прекршување на чл. 47 став 8, чл. 48 и чл. 56 од истиот Закон</u>
    - Прекршен Правилникот за начинот на спроведување на постапката за добивање на одобрение за градење на електронски начин (чл. 8)
    - Прекршен Уставот на РМ (чл. 26, чл. 30)
- Прекршен Законот за просторно и урбанистичко планирање (чл. 33 и чл. 35)

Во прилог:
- Примерокот од јавната објава за издадено одобрение објавена на веб-страницата на о. Охрид.

Очекуваме да испратите инспектори на терен и да го запрете прекршувањето на горенаведените закони така што **<u>итно ќе иницирате поништување на незаконското одобрение за градба.</u>**

Очекуваме инспекторите кои ќе го преземат случајот да го почитуваат во целост Етичкиот кодекс на кој се обврзани.

Ве замолуваме решението по оваа претставка да го доставите на следнава електронска адреса ohridsos@gmail.com во законски утврдениот рок.

Со почит,
Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS

Со залагаме за еднаквост, достоинство, емпатија и натурализам. Совршена рамнотежа меѓу човекот, животните и природата.
We stand for Equality, Dignity, Empathy, and Naturalism. Perfect balance between man, beast, and nature.
ЕДЕН
ОХРИД SOS
HEINRICH BÖLL STIFTUNG SARAJEVO Bosnia and Herzegovina | Albania | North Macedonia

**<u>Предмет:</u> Претставка за незаконски издадено одобрение за градба на хотел во с. Лагадин, Охрид**

**<u>До:</u> Директор на Државен инспекторат за животна средина, г. Јасин Грбле**
**<u>Копија до:</u> Претседател на Инспекциски совет на РМ, г. Влатко Илиевски**

Почитуван г. Грбле
Почитуван г. Илиевски,

Ве информираме дека до нас, неформалната граѓанска иницијатива Охрид SOS, стигнаа поплаки од жителите на с. Лагадин кои се пожалија на изградба на хотел со незаконски издадено одобрение за градба.

Противзаконското одобрение е објавено на веб-страницата на Општина Охрид, но не само што никаде не е објавена никаква процедура или постапка која довела до негово издавање, туку со неговото незаконско издавање се прекршени следниве закони и акти за кои е надлежен Државниот инспекторат за животна средина:

- Прекршен Законот за води (чл. 131 став 1 алинеи 4, 5 и 7)
- Прекршен Законот за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион (чл. 9, чл. 17 став 1, чл. 23 став 2)
- Прекршен Законот за животна средина
- Прекршен Законот за заштита на природата

Дополнително, а имајќи ги предвид мегаломанските предвидени проекти и континуираното работење во целосна спротивност на Законот за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион што резултираше со одлуката од 40. седница на УНЕСКО во Истанбул, бараме да постапите во согласност со член 41 од Законот за управување со светското природно и културно наследство во охридскиот регион и **<u>да ја одземете надлежноста за управување со светското наследство во охридскиот регион од Општина Охрид.</u>**

Во прилог:
- Официјален превод на македонски јазик од интегралниот текст на одлуката на 40тата седница на УНЕСКО
- Примерокот од издаденото одобрение објавен на веб-страницата на о. Охрид.

Очекуваме да испратите инспектори на терен и да го запрете прекршувањето на горенаведените закони така што **<u>итно ќе иницирате поништување на незаконското одобрение за градба.</u>**

Очекуваме инспекторите кои ќе го преземат случајот да го почитуваат во целост Етичкиот кодекс на кој се обврзани.

Ве замолуваме решението по оваа претставка да го доставите на следнава електронска адреса ohridsos@gmail.com во законски утврдениот рок.

Со почит,
Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS

**В) Одговор на претставките на Охрид SOS од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам**

Влада на Република Македонија
Министерство за транспорт и врски

Наш бр. 09упп-3
Датум: 01.03.2017 година

До: Охрид СОС
E-адреса: ohridsos@gmail.com

**Педмет: Известување**

Врска:

Почитувани,

Во врска со Вашата претставка од 12.01.2017 година како и другите доставени претставки до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија а во врска со започнатата изградба на Хотелски комплекс во населба Лагадин на Кп.бр. 2696/1 КО Елшани – општина Охрид, Ве известуваме дека:

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, Државниот инспекторат за животна средина и Управата за заштита на културното наследство на 27.01.2017 година остварија координиран инспекциски надзор во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште при општина Охрид и извршија увид на лице место на изградбата на предметниот Хотелски комплекс.

Од извршениот инспекциски надзор, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, Државниот инспекторат за животна средина и Управата за заштита на културното наследство изготвија информации и известувања од извршените увиди.

Земајќи ги во предвид извештаите и информациите од координираниот инспекциски надзор во кои се констатирани повеќе неправилности во постапката за утврдување на услови за начинот на градење во село Лагадин – општина Охрид како и во постапката на издавање на одобрението за изградба на предметниот Хотелски комплекс, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија до општина Охрид упати барање со број09упп-3 од 23.02.2017 година со укажување одобрението за градење Уп.1.бр.20-3852 од 05.12.2016 година да се поништи.

Костел Шекутковски дија
Советник – урбанистички инспектор


Министерство за транспорт и врски
МАКЕДОНИЈА ВО ДВИЖЕЊЕ

**Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија**
бул.Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 (0)2 3226 183
Факс: +389 (0)2 3226 183
Лок. 102
Е-пошта:info@mtc.gov.mk
Сајт: www.mtc.gov.mk


Архивски знак
________
Рок на чување ________
Датум: _______ 20__ год.
Скопје
Потпис
__________